# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ И ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.166 од 12.11.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 92/2007, 161/2009, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13 и 38/14) во членот 7-е став 2 по зборовите: „Министерство за здравство" сврзникот "и" се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а доколку одобрението е одземено за превоз на радиоактивни материи примерок од решението се доставува и до".

**Член 2**

Во членот 20-а став 1 по зборовите: „Испитите од членот" се додаваат зборовите: „17 и ".

**Член 3**

Во членот 20-б став 1 по зборовите: „Полагањето на испитите" се додаваат зборовите:
„од членот 20 од овој закон".
По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:
„Полагањето на испитите од членот 17 од овој закон се врши со одговарање на определен број на прашања во вид на електронски тест и разработување на конкретни ситуации.
Ставовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 стануваат ставови 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14.

**Член 4**

Во членот 21 се додава нов став 2 кој гласи:
„Сертификатот од став 1 на овој член се издавава согласно моделот утврден во точката 8.2.2.8.5 од Европската спогодба за меѓународен патен превоз на опасни материи (ADR)."

**Член 5**

Во член 60 во ставот 2 зборовите: „сертификат за возило" се заменуваат со зборовите: „уверение за испитано возило".

**Член 6**

Во членот 65 став 3 се брише.
Ставот 4 станува став 3.

**Член 7**

„Постојните сертификати за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи издадени до 31.12.2012 година треба да се заменат согласно моделот утврден во член 4 од овој закон, со доставување на барање до Министерството за транспорт и врски од страна на возачите, најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон и истите ќе важат до истекот на рокот во кој биле издадени постојните сертификати."

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а одредбите од членот 3 на овој закон ќе

отпочнат да се применуваат со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 163/13).